Витомир Митевски

# ТЕМАТСКИ ОСВРТ НА НАУЧНИОТ СОБИР

Почитувани академици, уважени колеги,

Пристапувајќи кон завршниот дел, потребно е да се осврнеме на овој Научен собир кој го преокупираше нашето внимание овие два дена.

Ние го замисливме како собир посветен на стогодишнината од раѓањето на академик Михаил Д. Петрушевски, па така ги поканивме да земат учество неговите колеги, потоа поранешните негови студенти, директни или индиректни ученици од земјата и од странство. Сега кога Собирот го заклучуваме, добивам впечаток дека всушност не ние, организаторите, туку академик Петрушевски нè собра овде заедно, поврзувајќи нè со невидливи нишки. Пред нас со свои трудови се појавија научници и специјалисти скоро од сите области што беа предмет на неговиот научен интерес. Можевме да слушнеме вредни прилози од класичната филологија во најширокото значење на зборот. Беа презентирани значајни реферати од микенологијата, од хомерските и аристотеловските студии, од прличевознанство, од обласа на преведувањето од класичните јазици, античката историја, археологијата, историјата на уметност, митологијата, епиграфиката, македонскиот јазик и сл. Овој сумарен преглед е доволен за да го согледаме научниот портрет на академик Петрушевски одразен како во огледало.

Верувам дека не е претерано ако речеме дека зад нас е еден извонредно значаен собир, но не според бројноста на учесниците бидејќи тоа и не ни беше цел, туку според внимателно избраните и поканети учесници кои со своите излагања му искажаа чест и благодарност на акад. Петрушевски и приложија оригинални научни прилози со што Собирот доби посебно значење и смисла.

Без намера да се осврнувам на поединечните учесници и нивните излагања, би сакал само во името на организаторите да ја изразам благодарноста за учеството на сите кои дадоа свој прилог Собирот да биде на највисоко ниво. Му благода-

рам на претседателот на Република Македонија Ѓорге Иванов кој нè почести со своето присуство и со својот поздравен говор при што покажа необично познавање на делото на акад. Петрушевски и свест за неговата вредност. Му благодарам на академик Георги Старделов, престедател на МАНУ, кој во својот поздравен говор и овојпат го projави својот продлабочен увид во научните постигања на академик Петрушевски. Му благодарам на деканот на Филозофскиот факултет проф. Горан Ајдински кој искажа посебен осет и свест за улогата и значењето на академик Петрушевски и тоа не само со својот поздравен говор туку и поддржувајќи го овој наш јубилеј со истрајното залагање на практичен план.

Дозволете ми посебно да им се заблагодарам на учесниците кои дојдоа од странство и на Собирот му дадоа печат на висока меѓународна научна манифестација. Благодарам на долгогодишните уредници на списанието *Жива антика*, на академик Кајетан Гантар од Словенија, на проф. Оља Периќ од Хрватска, на проф. Барбара Скардиљи од Италија, потоа на уважените професори и колеги Фредерик Ваандерс од Холандија, Сергеј Муравјов од Русија и Бранко Горгиев од Србија.

Искрена благодарност им изразувам и на учесниците од нашава земја, на академиците, професорите, колегите и други нам блиски луѓе со кои нè врзува името делото на академик Петрушевски.

Благодарни сме и на оние што беа спречени да дојдат, но го поздравија собирот и ветија дека ќе испратат свои прилози за објавување во Зборникот.

Сега нека ми биде дозволено завршниот збор да му го препуштам на академик Петар Хр. Илиевски.